ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка (16) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 23 став (2) точка (15) од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10, 12/10, 08/14, 02/18, 03/19, 08/21, 01/23, 05/23 и 14/23), а согласно Конкурсот за избор на идејно решение за заштитен знак (лого) на манифестацијата „Крива Паланка – Град на културата 2024“ бр.31-955/1 од 21.02.2024 година, Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за избор на идејно решение за заштитен знак (лого) на манифестацијата „Крива Паланка – Град на културата 2024“**

1. По објавениот Конкурс за избор на идејно решение за заштитен знак (лого) на манифестацијата „Крива Паланка – Град на културата 2024“,

СЕ ИЗБИРА идејното решение на авторот **Небојша Спасиќ** од Куманово со адреса живеење на ул.„Марко Орешковиќ“ бр.8 Куманово, поднесено согласно конкурсот со исполнување на потребните услови.

2. Решението за избор на идејното решение да се достави до избраниот автор и да се објави на веб страната на Општина Крива Паланка.

3. За идејното решение авторот **Небојша Спасиќ** ќе добие авторски надомест во износ од 12.000,00 денари.

4. Паричните средства ќе бидат исплатени по склучување на Договор за откупување на правото на трајно и неограничено користење на авторското дело помеѓу Општина Крива Паланка и авторот.

5. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а против истото не е дозволена посебна жалба.

**Образложение**

Врз основа на Одлуката за отпочнување постапка за избор на лого на манифестацијата „Крива Паланка – Град на културата 2024“ бр.31-955/1 од 21.02.2024 година, Комисијата за спроведување на постапката формирана од Градоначалникот на Општина Крива Паланка распиша Конкурс за избор на идејно решение за заштитен знак (лого) на манифестацијата КРИВА ПАЛАНКА – ГРАД НА КУЛТУРАТА 2024.

По истекот на крајниот рок за доставување на идејното решение Комисијата за спроведување на постапката пристапи кон разгледување на поднесените пријави и оценување на истите за избор на идејното решение.

Комисијата за спроведување на постапката по направениот увид во официјалниот емаил којшто беше утврден како адреса на која што ќе притигнуваат решенијата има констатирано дека до крајниот рок утврден согласно конкурсот се пристигнати 17 (седумнесет) решенија.

Согласно Записник бр.31-955/5 од 27.02.2024 година, Комисијата за спроведување на постапката констатира дека решението со број 15 на авторот Небојша Спасиќ од Куманово ги исполнува условите и даде предлог на Градоначалникот решението да биде потврдено за заштитниот знак (лого) на манифестацијата „Крива Паланка – Град на Културата 2024 година“.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на решението.

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**